Уп. бр. 08-14

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото ВТЕ Васертехник ГмбХ, со регистрирано седиште на Ессен, Гесцхафтсансцхрифт: 45136 Ессен, Рухраллее 185 доставено преку Адвокат Златко Кујунџиски од Скопје, на седницата одржана на ден 08.02.2023 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ВТЕ Васертехник ГмбХ, со регистрирано седиште на Ессен, Гесцхафтсансцхрифт: 45136 Ессен, Рухраллее 185 ќе стекне единствена контрола над слудге2енерги ГмбХ со регистрирано седиште во Индустрипарк Ерасбах А 1, 92334 Берцхинг, Германија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.12.2022 година, а дополнето на ден 18.01.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ВТЕ Васертехник ГмбХ, со регистрирано седиште на Ессен, Гесцхафтсансцхрифт: 45136 Ессен, Рухраллее 185, со која ВТЕ Васертехник ГмбХ ќе стекне единствена контрола над слудге2енерги ГмбХ со регистрирано седиште во Индустрипарк Ерасбах А 1, 92334 Берцхинг, Германија преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањето го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- **ВТЕ Васертехник ГмбХ** е еден од снабдувачите за управување со општинска и индустриска вода во Германија и Европа. ВТЕ Васертехник ГмбХ е директна фирма-ќерка на ЕВН Бетеилигунг 52 ГмбХ, друштво основано согласно законите на Австрија, со регистрирано

седиште на ЕВН Плац, 2344 Мариа Енцерсдорф, Австрија и индиректна фирма-ќерка на ЕВН АГ, австриски давател на услуги од енергетиката и животната средина, со седиште на ЕВН Плац, 2344 Мариа Енцерсдорф, Австрија. Покрај снабдувањето со електрична енергија на потрошувачите од провинцијата Долна Австрија, ЕВН е активна и на албанскиот, бугарскиот, германскиот, македонскиот и хрватскиот пазар. ЕВН е исто така активна на полето на услуги од животната средина преку фирми-ќерки кои вршат услуги на снабдување со вода, третман на отпадни води и термално искористување на отпадот за потрошувачи во единаесет држави.

Во Северна Македонија, ЕВН е активна во дистрибуција на електрична енергија, управување со дистрибутивниот систем и снабдување на домаќинства и други потрошувачи поврзани на нејзината дистрибутивна мрежа преку ЕВН Македонија и преку други ентитети. Во таа смисла, ЕВН има 90% од акциите во ЕВН Македонија. Групацијата на Подносителот е исто така активна во проекти за производство на енергија од мал обем, односно ЕВН управува и со 11 мали хидроелектрани.

Групацијата на ВТЕ Васертехник ГмбХ е присутна во присуство во Република Северна Македонија преку следните друштва:

**-Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија,** со регистрирано седиште на ул. Лазар Личеноски бр. 11, 1000 Скопје и регистрирана приоритетна дејност-дистрибуција на електрична енергија. Друштвото беше основано како дел од имплементацијата на раздвојувањето на македонскиот пазар на електрична енергија и е одговорно за дистрибуција на електрична енергија во Северна Македонија

**-ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со лектрична енергија** со регистрирано седиште на ул. Лазар Личеноски бр. 11, 1000 Скопје и регистрирана приоритетна дејност-трговија на електрична енергија. Друштвото го врши основното снабдување на потрошувачите на кои им се нудат однапред одредени, поддржани тарифи. Сите договори со клиенти од регулираниот пазар се префрлени на друштвото и на потрошувачите им се нуди можноста да го променат снабдувачот.

**-ЕВН Македонија Акционерско друштво за услуги Скопје** со регистрирано седиште на ул. Лазар Личеноски бр. 11, 1000 Скопје и регистрирана приоритетна дејност-комбинирани канцелариски и административни услужни дејности. Друштвото е акционерско друштво за услуги. Има акции во друштвото за производство на електрична енергија ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ, во друштвото за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ, во друштвото за снабдување ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ и во универзалниот снабдувач со електрична енергија ЕВН ХОМЕ ДОО. Друштвото исто така ја презеде и задачата за управување со централното финансирање во Северна Македонија.

**-ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје, Друштво за производство на електрична енергија** со регистрирано седиште на ул. Лазар Личеноски бр. 11, 1000 Скопје и регистрирана приоритетна дејност-производство на електрична енергија. Друштвото е одговорно за производство на електрична енергија во Северна Македонија и управува со 11 мали хидроелектрани кои беа целосно ревитаизирани и автоматизирани.

**-ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, Друштво за снабдување со електрична енергија** со регистрирано седиште на ул. Лазар Личеноски бр. 11, 1000 Скопје и регистрирана приоритетна дејност-трговија на електрична енергија. Друштвото беше основано како дел од имплементацијата на раздвојувањето на македонскиот пазар за електрична енергија и се очекува да снабдува со електрична енергија до 800.000 потрошувачи низ целата територија на слободниот пазар.

**-ЕВН Македонија Холдинг ДООЕЛ Скопје Друштво за менаџерски услуги** со регистрирано седиште на ул. Лазар Личеноски бр. 11, 1000 Скопје и регистрирана приоритетна дејност-останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место. Друштвото ја претставува ЕВН групацијата во Северна Македонија.

**-ЕВН Трејдинг ДООЕЛ Скопје Друштво за трговија и услуги** со регистрирано седиште на ул. Лазар Личеноски бр. 11, 1000 Скопје и регистрирана приоритетна дејност-трговија на електрична енергија. Друштвото тргува со електрична енергија на големопродажниот пазар во Северна Македонија, како фирма-ќерка на ЕВН Трејдинг Саут Ист Јуроп ЕАД, која врши оперативно управување со целокупната трговска дејност.

Заедно со Хубер СЕ, ВТЕ Васертехник ја основа **слудге2енерги ГмбХ**, друштво – заедничко вложување за развој на иновативни концепти за искористување на тиња. слудге2енерги ГмбХ снабдува објекти за обновлива енергија во Германија.

слудге2енерги ГмбХ нема било какви активности во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**